Општинско основно училиште
***“Наум Охридски”- Булачани, Скопје***

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

***на воспитно - образовната работа на училиштето во периодот јуни, 2018 - јуни, 2020 година***

**Скопје**
**јули, 2020**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ ОХРИДСКИ
Бр. 01-175/1
13.07. 2020 год.
с.Булачани,Скопје

## ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

| | |
|---|---|
| **Период на самоевалуација** | **2018 – 2020 година** |
| **Вид на училиштето** | **Општинско Основно училиште** |
| **Основач на училиштето** | **Општина Гази Баба** |
| **Наставен јазик:** | **македонски јазик** |
| **Претседател на Училишен одбор** | **Златка Панчевска** |
| **Директор на Училиштето** | **м-р Елизабета Андова** |
| **Адреса на училиштето** | **Ул.5 бр.1 с. Булачани<br>Општина Гази Баба Скопје** |
| **Телефон** | **02 2 575 946** |
| **Електронска пошта** | **nohridskiu@yahoo.com** |
| **Веб страбна на училиштето** | **http://naumohridskiu.edu.mk/** |

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Комисијата, формирана од Училишниот одбор при ООУ „Наум Охридски", Булачани, врз основа на Одлуката број 02-06/25 од 14.04.2020 год, ги разгледа материјалите од Самоевалуацијата на училиштето за периодот јуни, 2018 година – јуни, 2020 година, последниот Извештај од извршената интегрална екстерна евалуација од страна на ДПИ, Развојниот план на училиштето за периодот 2019-2022 година, извештаите од работата на училиштето за учебните 2018/2019 и 2019/2020 година, Годишните програми за работа на училиштето за учебните 2018/2019 и 2019/2020 година и врз основа на сите констатираше дека насоката во која се движи развојот на училиштето е позитивна и добро испланирана. Најголем дел од планираното е и реализирано, а делот од нереализираните цели во најголем процент не зависи од вработените и нивната работа. Училиштето е добро екипирано и работи по високи стандарди, секогаш согласно Законот. Учествува во голем број проекти и активно рботи на реализација на еколошки цели, меѓуетничка интеграција и младински активизам. Ученичкиот парламент е активно вклучен во креирањето на политики и поднесува иницијативи кои се прифаќаат. Родителите и учениците во најголем дел се задоволни од условите и работата на училиштето. Постигањата на учениците на ниво на цело училиште одат во нагорна линија и последната деценија се позиционирани над 4. Раководниот, административниот, наставниот кадар и стручната служба работат тимски и со цели кои се во интерес на сите вклучени субјекти во воспитно-образовниот процес и во интерес на унапредување наинституцијата како целина. Сите вработени воучилиштето работат на својот професионален развој. Училиштето е технички и нагледно добро опремено, сите училишни згради се реновирани и се работи наподобрување на условите за работа со деца со посебни образовни потреби. Во училиштето се одржува високо ниво на хигиена. Подрачите училиште се на приближно исто ниво на нагледно и техничка опременост како централното.

Комисијата, откако ги разгледа извештаите од тимовите за седумте подрачја од Самоевалуацијата на училиштето и врз основа на издвоените слаби страни и препораките за идни активности дадени од страна на тимовите за самоевалуација, ги потврди предложените идни активности како соодветни

предлог - мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето. Тие предлог-мерки, дадени по подрачја, се:

Од подрачјето **Наставни планови и програми:**

- Изготвување план и стратегија за поголемо вклучување на учениците, преку ученичката заедница, во давање предлози за креирање, изменување и дополнување на наставните планови и програми, како и намалување на наставните часови.

Од подрачјето **Постигања на учениците:**

- Планирање активности за поддршка на наставниците при оценување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби.

Од подрачјето **Учење и настава:**

- Изнаоѓање просторно решение за реализирање на кабинетска настава (барем за некои од природната група предмети - хемија, биологија, физика);
- Реализација на квалитетна наставата по физичко и здравствено образование во соодветни услови за работа (фискултурна сала);
- Обуки за препознавање рана стимулација и работа со надарени и талентирани деца.

Од подрачјето **Поддршка на учениците:**

- Подобрување на компетенции на наставниците и учениците од областа на прва помош и заштита преку посета на обуки;
- Превземање на иницијативи/активности за мотивација на родителите за вклученост во вонаставните активности;
- Проширување и повторна реализација на обуките за заштита од елементарни непогоди и давање прва помош при разни повреди за новите вработени и ученици преку зајакнување на соработката со организацијата на Црвен Крст.

Од подрачјето **Училишна клима и односи во училиштето:**

- Зголемена активност на ученичката заедница на сите нивоа - да се организираат работилници на ученичката заедница како поттик на меѓусебна толеранција, почитување на моралните вредности, почитување на разликите и сл.
- Подобрување на просторните услови со што ќе се овозможи организирање на приредби, училишни свечености, натпревари на сите нивоа и слично;

- Да се обезбеди поголема поддршка и соработка со стопанските субјекти од локалната средина.

Од подрачјето **Ресурси:**

- Изградба на фискултурни сали;
- Доградба на училишни згради и уредување училишни дворови
  - доградување на училишната зграда на училиштето во с. Булачани и с. Црешево со просторија за приредби и други наставни и воннаставни активности и соработки со родителите и околината;
  - зголемување на бројот на тоалетни кабини во училиштето во с. Булачани;
  - замена на оградата и влезната врата на дворот на училиштето во с. Раштак;
- Просторно и техничко доопремување на училишната библиотека-медијатека:
  - доопремување на медијатеката со компјутери и интернет пристап за корисници (ученици, наставници);
  - водење електронска евиденција за издадените и вратените книги.
  - континуирана набавка на лектирни изданија и стручна литература за наставници;
- Изготвување стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации и стручност во обезбедување помош или поддршка на колегите;
- Изготвување на стратегија и план за финансиска поддршка на професионалниот развој на вработените;
- Обезбедување обуки на наставниот кадар согласно изразените потреби.

Од подрачјето **Управување и раководење:**

- Редовно одржување и подобрување на инфраструктурата на училиштето;
- Континуирано професионално усовршувањето на наставниот кадар;
- Да се поведе повторно постапка за изградба на фискултурна сала.

Според извршениот увид во материјалите од Самоевалуацијата на училиштето за периодот јуни, 2018 – јуни, 2020 година, последниот Извештај од извршената интегрална екстерна евалуација од страна на ДПИ, Развојниот план на училиштето за периодот 2019-2022 и дискусијата во врска со истите, како и приоритетноста на одредени предлог - мерки кои се издвоени во овој извештај, Комисијата препорачува во следните две години како приоритетни подрачја да се издвојат следниве:

- Поддршка на учениците;
- Постигања на учениците;
- Училишна клима и односи во училиштето
- Ресурси.

Потпис на членовите на комисијата:

1. Елизабета Синделиева ______________
2. Соња Рулеска ______________
3. Даниела Димишковска ______________
4. Павлина Трајковска ______________
5. Сања Петрушевска ______________